ЕВРОПА СКОПЈЕ SINCE 1882

Фабрика за чоколади, вафли и бонбони

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

## За период 01.01-31.12.2022 година

2022 година

Служба за внатрешна ревизија

# Содржина:

**Вовед.............................................................................................3**
**Делокруг и цели на ревизијата...............................................................3**
**Опис на извршените ревизии..................................................................4**
**Оцена на внатрешната ревизија………………………………………………………..5**
**Реализација на поставените цели според годишниот план на Службата за внатрешна ревизија……………………………………………………………………...5**
**Годишен план за 2023 година………………………………………………………..5**

## Вовед

Службата за внатрешна ревизија е независен дел во организациската поставеност на друштвото. Нејзина задача е да обезбеди објективна и независна оцена на субјектот дали доследно се применуваат процедурите, регулативата и стандардите, усогласеноста со постапките, дали средствата за работа се користат ефикасно, ефективно и економично и дали се остваруваат поставените цели на компанијата.

Вршењето на внатрешната ревизија е во согласност со барањата на Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20).

Врз основа на членот 415-в од Законот за трговските друштва, Службата за внатрешна ревизија на АД ЕВРОПА Скопје е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до органот на управување.

Службата за внатрешна ревизија ги спроведува своите активности во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија и политиката и процедурите за работење на службата.

## 1. Делокруг и цели на ревизијата

Делокруг на внатрешната ревизија се позначајните сегменти од работењето на друштвото предвидени со Годишниот план за ревизија, случајно воочена потреба од страна на ревизорот за контрола на настан или трошок, по налог на орган на управување или одговорен раководител.

Целта на Службата за внатрешна ревизија е редовна ревизија на законитоста и ажурноста на друштвото, спроведување на процедурите за работа во ревидираните процеси за да се добие разумно уверување дека соодветниот сектор или служба работните процеси ги извршува во согласност со пишаните процедури, интерните акти и законската регулатива.

Ревизорските техники коишто беа употребувани во текот на ревизијата се следниве: статистичка контрола и метод на статистички примерок или целосна контрола, набљудување на процесите, непосреден увид во изворната документација и извештајни форми од информатичкиот систем, интервју на непосредни извршители, раководители на сектори итн.

## 2. Опис на извршените ревизии

Во 2022 година Службата за внатрешна ревизија вршеше ревизорски активности во согласност со активностите предвидени во Годишниот план за внатрешна ревизија за 2022 година.

Во годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година се презентирани активностите на службата, предвидени во усвоениот План за внатрешна ревизија за 2022 година. Исто така имаше една вонредна контрола за проверка на нормативите на калкулациите за цени на чинење на производите.

| Предмет на ревизија | Опис на ревизијата | Период | Ревизорско мислење |
|---|---|---|---|
| Годишен извештај за внатрешна ревизија за 2021 г | | јануари | |
| Проверка на парични средства | Проверка на сметките за парични средства (денарска, девизна) | февруари/ март | Одлично |
| Проверка на банкарски изводи | Проверка на трошоците за службени патувања, документираност и евиденција | април/мај | Одлично |
| Вонредна контрола | Контрола на нормативи | цела 2022 г | Добро |
| Извештај за внатрешна ревизија за 01-06 2022 г | | јуни | |
| Годишен одмор | | јули | |
| Проверка на влезни ф-ри | Проверка на влезните фактури на материјали и услуги, контрола и евиденција | август/септември | Одлично |
| Проверка на трошоци за службени патувања | Проверка на трошоците за службени патувања, документираност и евиденција | октомври/ноември | Одлично |
| Годишен план за внатрешна ревизија 2023 г | | декември | |

Во јануари 2022 година од страна на Службата за внатрешна ревизија изготвен беше Годишниот извештај за внатрешна ревизија за 2021 година кој беше доставен до Генералниот директор и доставен и усвоен од Одборот на директори на АД ЕВРОПА Скопје.

## 3. Оцена на внатрешната ревизија

Идентикуваните наоди врз основа на извршените поединечни ревизии во период од јануари до декември 2022 година, предвидени со Годишниот план за внатрешна ревизија, се со низок ранг на важност и севкупната оценка е одлична.

Во делот на вонредната контрола која беше спроведена за проверка на нормативите на суровини не се постигнаа целосно очекуваните цели заради спецификите на производниот процес и недостатокот на мерливи инструменти.

## 4. Реализација на поставените цели според годишниот план на Службата за внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија ги реализираше ревизорските активности што беа предвидени во усвоениот Годишен план за внатрешна ревизија за 2022 година, во чија подготовка беа земени во предвид проценките за ризик и значењето на процесите што се предмет на ревизија. Внатрешната ревизија беше вклучена и во вонредната контрола за мерење на потрошокот на суровини во полупроизводите и производите, контрола што се одвиваше во текот на целата 2022 година.

Активностите што се предвидени во Годишниот план за внатрешна ревизија во целост се исполнети.

## 5. Годишен план за 2023 година

Во месец декември 2022 година беше изработен Годишниот план за работење на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година кој е усвоен од страна на Одборот на директори.

Раководител на Служба за внатрешна ревизија
Најденоска Тања